Бр./Nr 12-66/5
26-01-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-3684/1 од 25.07.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Постапувајќи по предметот, ДКСК утврди состојби од кои произлегуваат сомнежи за перење пари и други приноси од казниво дело, злоупотреба на јавен повик, несовесно работење, злоупотреба и искористување на службената положба и овластувања од страна на службени лица од ///, ///, ///, службени лица од /// и од ///, потоа од страна /// и други правни и физички лица, со што е сторена штета на Буџетот на РСМ, заради што ДКСК ќе достави дополнување на нејзината иницијатива за кривично гонење бр. 12-606/4 од 25.07.2023 година до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Предметот со број 12-3684 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3684/1 од 25.07.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Во пријавата е наведено дека /// и /// добиле тендер за изградба на /// во износ од ///, дека за /// и двете правни лица биле осудени да платат штета на РСМ, дека /// бил со ///, дека за изградба на /// наплатувал /// од ///, дека стечајниот управник на /// добил насоки од /// да не покренува никаква тужба против /// за солидарен надомест на штета, дека наплатата на долговите се одвивала преку ///, како и дека имотот на државата бил кај ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара податоци, информации и документација од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, Министерство за транспорт и врски на РСМ, Агенција за управување со одземен имот на РСМ, Народна банка на Р. Србија, деловните банки на ///, од КИБС АД Скопје, од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на РСМ и од Царинска управа на РСМ. Дополнителни сознанија ДКСК обезбеди преку дистрибутивниот систем на Централен регистар на РСМ, а по службена должност ја изведе и Одлуката бр. 12-606/3 од 25.07.2023

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

година, донесена на нејзината 89-та седница, одржана на 19.07.2023 година, како и пресудата на Основен кривичен суд Скопје /// бр. /// од /// година, правосилна од /// година.

Откако ДКСК оцени дека располага со доволно докази, пристапи кон утврдување на состојбите за овој конкретен случај, па по оцена на секој одделен доказ и на сите докази заедно и извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти, го утврди следното:

Агенцијата за управување со одземен имот на РСМ, во својот одговор до ДКСК наведе: "*... Ве известуваме дека правното лице /// е опфатен како субјект од кој треба да се изврши конфискација на имотна корист наведен во пресудата /// бр. ///. Со оглед на фактот дека не беше наведено како вредносен и паричен износ кои би требале да се конфискува од наведениот правен субјект, Агенцијата немаше законски можности да спроведе конфискација од причини што во пресудата не е определено што може да биде предмет на конфискација, наведеното укажува на фактот дека пресудата во тој дел е неизвршлива, но доколку судот со нов акт определи конкретно кој имот стекнат е со кривично дело и како таков да определи конфискација, Агенцијата веднаш ќе постапи.*"

Во Одлуката на ДКСК со бр. 12-606/3 од 25.07.2023 година, подетално се образложени почетокот, водењето и завршувањето на кривичната постапка против /// (во понатамошниот текст: ///) и /// (во понатамошниот текст: ///).

Според документацијата што ДКСК ја доби од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, произлегува дека /// и ///, во текот на ///, добиле уште еден тендер во конзорциум за изградба на ///. Договорот е склучен на /// година, по претходно спроведена постапка за јавна набавка.

Според тендерската документација произлегува сомнеж дека во тендерот биле предвидени фаворизирачки услови. Бирото за јавни набавки на РСМ со Решение бр. /// од /// година не дало согласност на оваа тендерска документација. Тендерската документација била менувана повеќе пати и од страна на Бирото за јавни набавки на РСМ, сукцесивно биле донесени Решенија со кои не се дава согласност на тендерската документација, поради истата горе образложена причина – фаворизирачки услови. Иако не била дадена согласноста, сепак, тендерската постапка била спроведена.

На тендерот се јавиле повеќе економски оператори од РСМ и странство, меѓу кои и /// и ///. Овие економски оператори, склучиле договор за конзорциум, но во понудата, поднесена е ///. Врз основа на вака докажаниот технички капацитет /// и /// го добиле тендерот за изградба на ///. Договорот е во вредност од /// денари без ДДВ, потпишан од ///.

Вака утврденото, неспорно укажува дека целта на распишувањето на тендерот била да се овозможи на /// и на /// да го добијат тендерот со ///, иако се водела ///, што упатува на сомнежот дека ///.

Битен момент е дека проектната документација за изградба на /// е донесена по добивањето на тендерот. Така, во списите на предметот на Министерство за транспорт и врски на РСМ стои Дозвола за изградба на /// издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ под бр. /// од /// година на Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ, издадена од ///. Потоа е издадено одобрението за градба бр. /// од /// година од страна на Министерство за транспорт и врски на РСМ, преку ///, па откако била сочинета градежната документација се испоставило дека вредноста на договорот за изградба на /// е поголема од претходно договореното, заради што се пристапило кон потпишување Анекс на договорот за јавни набавки бр. /// од /// година, единствено помеѓу /// и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, преку /// (///). Според анексот на договорот, вредноста се зголемува за /// денари, без ДДВ или во вкупна вредност за изградба на /// во износ од /// денари без ДДВ.

Вовед во градбата на /// е извршен на /// година (за време на ///).

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на РСМ извести дека изградбата на /// се врши во согласност со издадените одобренија и проекти. Изведувач на работите е ///. Следствено се отвори прашањето со која опрема се гради ///.

Надоврзувајќи се на Одлуката на ДКСК со бр. 12-606/3 од 25.07.2023 година, беше побарана информација од Министерство за транспорт и врски на РСМ дали субјектите /// имаат лиценци за изведувачи на градби од А категорија. Ова министерство извести дека само /// и /// имаат таква лиценца, што сосема јасно упатува на сомнежот како се гради /// - ///.

По однос на наводите за перење пари преку странски фирми, од увидот во трансакциските сметки на ///, произлезе дека ///.

Следејќи ги девизните дознаки на ///, се утврди дека ///, кој што факт на ДКСК и го потврди и Народната банка на Р. Србија. Како што легнуваат средствата од Буџетот на РСМ на трансакциската сметка на ///, ///. Интересен е фактот дека ///.

Конечно, на /// година, била променета сопственоста на ///, така што како сопственик е регистрирано правно лице од ///.

Тоа се состојбите што произлегоа од обезбедените и изведени докази за овој конкретен случај. На вака утврдените состојби, ДКСК одлучи како во диспозитивот поради следните причини:

- Тендерската документација содржи фаворизирачки критериуми, со цел да се обезбеди имотна корист на /// и ///, свесно за ///;
- Истата конфискувана опрема е употребена за добивање на тендерот за ///;

- Дозволата за градба и одобрението за градба на /// се издадени по добивањето на тендерот, а во моментот на тендерската постапка, ///;

- Анексот на договорот е потпишан со ///, иако ///;

- Веројатно, користена е конфискуваната опрема и од други трговски субјекти иако немале лиценци за изведувачи на градби од А категорија во времето на изведување на градежните работи на ///;

- Градежните работи на /// се вршени во /// (///);

- /// ја платил кривичната санкција со средства од ///;

- Како што легнуваат парите од Буџетот на РСМ на трансакциските сметки на ///, така ///;

- ///;

- На крајот, сопственоста на /// е променета на /// година.

**Со ваквата типологија, ДКСК се сомнева дека штетата на Буџетот на РСМ од неуспешната конфискација на опремата на Транс Мет, изнесува најмалку /// денари или околу /// евра.**

Горе изнесените факти укажуваат на сомнежи за перење пари и други приноси од казниво дело, злоупотреба на јавен повик, несовесно работење, злоупотреба и искористување на службената положба и овластувања од страна на службени лица од ///, ///, ///, службени лица од /// и од ///, потоа од страна /// и други правни лица и физички лица, со што е сторена штета на Буџетот на РСМ, заради што ДКСК ќе достави дополнување на нејзината иницијатива за кривично гонење бр. 12-606/4 од 25.07.2023 година до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот
- Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција